АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

20.02.2015

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** 10 1397 1

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 15,16,17,18 и 19 февруари 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 20 февруари 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
- **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14)

6. **Претходно изречена мерка:**

- *На 23 јануари 2015 година, за непочитување на член 50 став 3 од Законот и на член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-256, 23.01.2015 година) на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со рок на усогласување од 7 дена, од денот на приемот на решението.*

- *На 9 февруари 2015 година, до ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, е испратена покана за постапка за порамнување по записник за констатиран прекршок (Уп1 бр.03-976/1 од 09.02.2015 година), поради тоа што со контролниот надзор врз програмскиот сервис емитуван на 3, 4 и 5 февруари 2015 година (бр. 10-941/1 од 06.02.2015 година), е утврдено дека субјектот на надзор, не постапил по решението, односно не ја отстранил извршената повреда на член 50 став 3 од Законот и на член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица.*

## 7. Констатации од надзорот:

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 15 до 19 февруари 2015 година, е **констатирано прекршување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.**

Спротивно на член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица (временски периоди за емитување на категориите програми во зависност од очекуваниот состав на публиката), во периодот на надзор, во несоодветен временски период од денонoќието се емитувани репризите на играниот серијал „Сила“ и три изданија од реалистично играната серија „Крвта не е вода“ (види табела бр. 1). Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, овие програми треба да се означат како програми од Трета категорија (12+), што не се препорачуваат за деца под 12 години, за кои е неопходен надзор од родител/старател, и може да се емитуваат само во периодот од 20:00 до 05:00 часот.

**Табела бр.1**

| **Наслов на емисија** | **Датум на емитување** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|---|
| | | **Почеток** | **Крај** |
| „Сила“ | 18 февруари 2015, среда – реприза | 14:11:31 | 15:24:50 |
| „Сила“ | 19 февруари 2015, четврток – реприза | 14:07:32 | 15:19:58 |
| „Крвта не е вода“ | 16 февруари 2015, понеделник | 06:09:36 | 06:51:24 |
| „Крвта не е вода“ | 17 февруари 2015, вторник | 06:07:54 | 06:50:18 |
| „Крвта не е вода“ | 18 февруари 2015, среда | 06:08:09 | 06:50:29 |
| **Опис на прекршувањето** | | | |
| Програмите дадени во табелата се емитуваат во несоодветни временски периоди од денонoќието. | | | |

Спротивно на член 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица (категоризација на аудиовизуелните програми), во периодот на мониторингот, повеќе серии на радиодифузерот се погрешно категоризирани и означени со погрешна предупредувачка сигнализација. Серијалите: „Збогум Румелија“, „Снеговите на љубовта“, „Огнови на љубовта“, „Малечката невеста“, и „Наследството на госпоѓицата“ се несоодветно категоризирани како програми од Прва категорија – наменети за целата публика. Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, сите треба да се категоризираат како програми од Втора категорија (8+), што не се препорачуваат за деца под 8 години и за кои е неопходен надзор од родител/старател (види табела бр.2). Програмите од оваа категорија може да се емитуваат во текот на целото денонoќие.

Во периодот на надзорот на програмскиот сервис на радиодифузерот е регистрирано и емитување на 4 епизоди од нова играна серија насловена „Не тагувај по мене". Оваа серија, исто така, е погрешно категоризирана како програма од Прва категорија – наменета за целата публика. Според содржината серијата треба да биде категоризирана најмалку како програма од Втора категорија, што не се препорачува за деца под 8 години и за која е неопходен надзор од родител/старател. Бидејќи, врз основа на 4 епизоди од серијалот не може да се направи генерална категоризација на серијата, радиодифузерот во зависност од развојот на дејството во наредните епизоди треба да ја преиспита категоризацијата на серијата.

**Табела бр.2**

| Наслов на емисија | Датум на емитување | Период на емитување | |
|---|---|---|---|
| | | Почеток | Крај |
| „Збогум Румелија" –серијал | 15 февруари 2015, недела - три епизоди репризирани во континуитет | 13:21:43 | 16:43:18 |
| „Збогум Румелија" –серијал | 16 февруари 2015, понеделник- реприза | 16:56:56 | 18:00:42 |
| „Збогум Румелија" –серијал | 16 февруари 2015, понеделник -премиера | 21:01:41 | 22:05:45 |
| „Збогум Румелија" –серијал | 17 февруари 2015, вторник -реприза | 15:06:02 | 16:43:53 |
| „Збогум Румелија" –серијал | 17 февруари 2015, вторник - премиера | 19:57:10 | 21:02:02 |
| „Збогум Румелија" –серијал | 18 февруари 2015, среда -реприза | 15:24:54 | 16:46:40 |
| „Збогум Румелија" –серијал | 18 февруари 2015, среда -премиера | 19.53:54 | 21:02:31 |
| „Збогум Румелија" –серијал | 19 февруари 2015, среда -реприза | 15:20:05 | 16:51:31 |
| „Збогум Румелија" –серијал | 19 февруари 2015, четврток – премиера | 19:57:49 | 21:11:50 |
| „Снеговите на љубовта" – серијал | 15 февруари 2015, недела - премиера | 19:36:00 | 20:41:10 |
| „Огнови на љубовта" – серијал | 16 февруари 2015, понеделник -премиера | 10:00:23 | 10:25:33 |
| „Огнови на љубовта" – серијал | 17февруари 2015, вторник - премиера | 10:01:18 | 10:26:04 |
| „Огнови на љубовта" – серијал | 18 февруари 2015, среда -премиера | 09:58:01 | 10:28:30 |
| „Огнови на љубовта" – серијал | 19 февруари 2015, четврток – премиера | 09:48:31 | 10:16:28 |
| „Малечката невеста" - серијал | 16 февруари 2015, понеделник - премиера | 10:25:37 | 10:53:56 |
| „Малечката невеста" - серијал | 17февруари 2015, вторник - премиера | 10:26:07 | 10:51:17 |
| „Малечката невеста" - серијал | 18 февруари 2015, среда – премиера | 10:28:34 | 10:52:55 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| „Малечката невеста“ – серијал | 19 февруари 2015, четврток - премиера | 10:16:32 | 10:40:41 |
| „Наследството на госпоѓицата“ – серијал | 16 февруари 2015, понеделник- премиера, | 11:20:27 | 12:31:41 |
| „Наследството на госпоѓицата“ – серијал | 17 февруари 2015, вторник – премиера, | 11:17:20 | 12:22:07 |
| „Наследството на госпоѓицата“ – серијал | 18 февруари 2015, среда – премиера | 11:13:16 | 12:33:39 |
| „Наследството на госпоѓицата“ – серијал | 19 февруари 2015, четврток – премиера | 11:05:06 | 12:27:19 |
| „Не тагувај по мене“ | 16 февруари 2015, понеделник – премиера | 22:05:48 | 23:23:15 |
| „Не тагувај по мене“ | 17 февруари 2015, вторник- реприза | 16:43:58 | 18:01:35 |
| „Не тагувај по мене“ | 17 февруари 2015, вторник- премиера | 21:02:07 | 22:15:39 |
| „Не тагувај по мене“ | 18 февруари 2015, среда – реприза | 16:46:47 | 18:00:12 |
| „Не тагувај по мене“ | 18 февруари 2015, среда – премиера | 21:02:39 | 22:07:05 |
| „Не тагувај по мене“ | 19 февруари 2015, четврток- реприза | 16:51:37 | 17:56:03 |
| „Не тагувај по мене“ | 19 февруари 2015, четврток- премиера | 21:11:54 | 22:12:59 |
| **Опис на прекршувањето** | | | |
| Серијалите дадени во табелата се несоодветно категоризирани како програми од Прва категорија – наменети за целата публика. Според критериумите од Правилникот, треба да се категоризираат како програми од Втора категорија (8+), што не се препорачуваат за деца под 8 години и за кои е неопходен надзор од родител/старател. | | | |

Погрешно се категоризирани и сериите „Карадај“ и „Сила“ и реалистично играната серија „Крвта не е вода“ (види табела бр. 3). Премиерното издание на серијата „Карадај“ од 15 февруари 2015 година, репризните изданија на играниот серијал „Сила“ од 18 и 19 февруари 2015 година, и трите изданија на „Крвта не е вода“ од 16 до 18 февруари 2015 година, се категоризирани како програми од Прва категорија – наменети за целата публика. Според критериумите од Правилникот, овие програми треба да се категоризираат како програми од Трета категорија (12+), што не се препорачуваат за деца под 12 години, за кои е неопходен надзор од родител/старател, и може да се емитуваат само во периодот од 20:00 до 05:00 часот.

**Табела бр. 3**

| **Наслов на емисија** | **Датум на емитување** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|---|
| | | **Почеток** | **Крај** |
| „Карадај“ | 15 февруари 2015, недела - премиера | 20:41:15 | 21:30:21 |
| „Сила“ | 18 февруари 2015, среда – реприза | 14:11:31 | 15:24:50 |
| „Сила“ | 19 февруари 2015, четврток – реприза | 14:07:32 | 15:19:58 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| „Крвта не е вода“ | 16 февруари 2015 – понеделник | 06:09:36 | 06:51:24 |
| „Крвта не е вода“ | 17 февруари 2015, вторник | 06:07:54 | 06:50:18 |
| „Крвта не е вода“ | 18 февруари 2015, среда | 06:08:09 | 06:50:29 |
| **Опис на прекршување** | | | |
| Програмите дадени во табелата се категоризирани како програми од Прва категорија – наменети за целата публика. Според критериумите од Правилникот, овие програми треба да се категоризираат како програми од Трета категорија (12+), што не се препорачуваат за деца под 12 години, за кои е неопходен надзор од родител/старател, и може да се емитуваат само во периодот од 20:00 до 05:00 часот. | | | |

*Забелешка: За да се одреди контекстот, односно – медиумските, формално-техничките и содржинските карактеристики - за општата категоризација на серијалите што траат долгорочно, низ повеќе сезони со опфат од над 100 епизоди, извршен е преглед на снимките од сите програмски периоди на емитување на премиерите и на репризите - во текот на целиот месец јануари, и во периодот од 1 до 19 февруари - 2015 година, а емитувањето во текот на деновите од надзорот е земено само како аналитички примерок врз кој се засноваат конкретните наоди од овој извештај.*

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица,** Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, во периодот од 15 до 19 февруари 2015 година, во несоодветен временски период од анализираните денонокија, ги емитува серијата „Сила„ и реалистичната играна серија „Крвта не е вода“, а погрешно ги категоризира серијалите: „Збогум Румелија“, „Снеговите на љубовта“, „Огнови на љубовта“, „Малечката невеста“, „Наследството на госпоѓицата“, „Не тагувај по мене“, „Сила“, „Карадај“ и „Крвта не е вода“.

## 9. Предлог мерка:

Имајќи предвид дека за прекршување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица, на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, во тековната 2015 година, му е изречена мерка опомена и успешно е спроведена постапка на порамнување по записник за констатиран прекршок направен по контролен надзор врз програмскиот сервис на радиодифузерот:

- За прекршокот на член 50 став 3 од Законот и на член 16 од Правилникот, директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка;

- За прекршокот на член 50 став 3 од Законот и на член 17 од Правилникот, директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје; и

- Да се изврши контролен надзор за почитувањето на член 50 став 3 од Законот и на член 17 од Правилникот, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***